# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

**Вторник, 30 април 1991**
**Скопје**
Број 18 Год. XLVII

**Аконтацијата за 1991 година изнесува 700 динари. Овој број чини 30 динари. Жиро сметка 40100-603-12498**


**234.**

Врз основа на член 6 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ бр. 40/87) и членовите 12, 13 и 18 од Правилникот за работата на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“, Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“, на седницата одржана на 19 април 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО 1991 ГОДИНА ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА

Наградата „Гоце Делчев“ за особено значајни остварувања од интерес за Републиката во областа на науката во 1991 година се доделува на:

1. Проф. д-р Блага Алексова, за трудот „Епископијата на Брегалница“, (Скопје, 1990).

2 Д-р Васил Тоциновски, за трудот „Зборот куршум и динамит“, (Скопје, 1990).

3. Доц. д-р Ристо Дамјановски, за трудот „Востаната Македонија“, (Скопје, 1990)

Бр. 08-406/1
19 април 1991 година
Скопје

Претседател на Одборот,
проф. д-р **Драги Данев,** с. р.

**235.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба („Службен весник на СРМ“ бр. 44/76), Владата на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИМОТНИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВОЕНА СЛУЖБА НЕМААТ СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Имотните услови од член 2 на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба („Службен весник на СРМ“ бр. 44/76), се усогласуваат со движењето на порастот на трошоците за живот и се смета дека членовите на семејството на хранителот немаат сопствени средства доволни за издржување за 1991 година, ако·

1. Личниот доход од земјоделска дејност е катастарскиот приход од претходната година (1990 година) зголемен за четири пати, односно за два пати ако земјиштето е дадено под закуп, кој не може да изнесува повеќе од 111,60 динари месечно по член на семејството.

2. Личниот доход од работен однос и други редовни приходи да не изнесуваат повеќе од 350,20 динари месечно по член на семејството.

3. Збирот на месечниот износ од точка 1 и 2 не може да изнесува повеќе од 350,20 динари месечно по член на семејството.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 23-917/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател
на Владата на СРМ,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**236.**

Врз основа на Заклучоците за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот и наплатените царини и други увозни давачки донесени од трите собори на Собранието на СР Македонија на одделни седници одржани на 13 и 14 декември 1990 година и член 1 од Законот за мерките кои може да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во стопанството во СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 46/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО УПЛАТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ И НАПЛАТЕНИТЕ ЦАРИНИ, ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ И ЛЕЖАРИНА

1. Во Одлуката за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот и наплатените царини, други увозни давачки и лежарина („Службен весник на СРМ“ бр. 42/90, 45/90, 2/91 и 14/91), во точката 5 по алинеја 10 се додава нова алинеја 11 која гласи·

„— Нето пад на девизно штедење кај Народната банка на Југославија“.

2. Во точка 6, алинеја 1 по зборот „извозот“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и за нето пад на девизното штедење кај Народната банка на Југославија“, а во алинеја 2 зборовите: „враќање на уплатените царини и други увозни давачки“ се бришат.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-912/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател
на Владата на СРМ,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**237.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90) Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР НА СЛУЖБАТА ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува од должноста потсекретар на Службата за јавна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи Драган Тумановски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-124/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**238.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува од должноста потсекретар на Службата за државна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи Стеван Павлески.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-125/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**239.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Ѓорѓија Јанчевски, заклучно со 28 февруари 1991 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-126/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**240.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Борис Чаушевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-127/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**241.**

Врз основа на член 153 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Богољуб Ивановски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-128/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**242.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР НА СЛУЖБАТА ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. За потсекретар на Службата за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи се назначува Павле Трајанов, досегашен советник во Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-129/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**243.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. За потсекретар на Службата за државна безбедност во Министерството за внатрешни работи се назначува Слободан Богоески, вработен во Министерството за внатрешни работи

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-130/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

---

**244**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. За помошник на министерот за внатрешни работи се назначува Ратко Јончевски, досегашен началник на Сектор во Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-131/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

---

**245.**

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Социјалистичка Република Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. За помошник на министерот за внатрешни работи се назначува Станоја Богев, досегашен командир на станица на милиција во Министерството за внатрешни работи

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-132/1
30 април 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**246.**

Врз основа на член 60, а во врска со член 58 и 59 од Законот за заштита при работа („Службен весник на СРМ" бр. 17/87, 51/88 и 23/90), министерот за труд и социјална политика, донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ И ПРЕГЛЕДИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас „Скопје" од Скопје ги исполнува пропишаните услови за вршење на испитување и прегледи по член 58 и 59 од Законот за заштита при работа за потребите на други организации и тоа:
— бучава,
— вибрации.

2. Ова решение да се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-1693
29 април 1991 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Илјаз Сабриу,** с р

---

**247.**

Врз основа на член 9, став 3 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ" бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89), Министерот за труд и социјална политика, донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНАТА ИНВАЛИДНИНА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

1. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците април, мај и јуни 1991 година се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во претходното тримесечје од 4.160,00 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 2.080,00 динари |
| II група | 1.664,00 динари |
| III група | 1.331,00 динари |
| IV група | 1.040,00 динари |
| V група | 832,00 динари. |

Износите на цивилните инвалиднини во точка 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на остварениот просечен месечен чист личен доход во Републиката во периодот јануари — март 1991 година, објавен од страна на Републичкиот завод за статистика.

2. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јануари, февруари и март 1991 година конечно се определуваат од основата која се утврдува на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во периодот октомври — декември 1990 година, од 3 903,00 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 1.951,50 динари |
| II група | 1 561,00 динари |
| III група | 1.249,00 динари |
| IV група | 976,00 динари |
| V група | 781,00 динари |

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-1792
24 април 1991 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Илјаз Сабриу,** с. р.

**248.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 28 март 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 2 став 1 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ („Службен весник на СРМ“ бр. 41/85, 45/86 и 10/88) не е во согласност со Уставот на СР Македонија.

2. Собранието на СР Македонија во рок од 6 месеци по доставувањето на оваа одлука ќе ја усогласи законската одредба означена во точката 1 од оваа одлука со Уставот на СР Македонија.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 23/90 од 19 септември 1990 година, поведе постапка за оценување уставноста на законската одредба означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со член 238 од Уставот на СР Македонија.

5. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека според член 1 од Законот учесниците во НОВ и членовите на семејствата на умрените учесници во НОВ кои немаат доволно средства за живеење и ако се неспособни за стопанисување имаат право на материјално обезбедување во вид на постојани и повремени парични примања, под услови и во обем предвиден со Законот. Согласно оспорениот член 2 став 1 од Законот право на материјално обезбедување имаат учесниците во НОВ кои стапиле или отпочнале со активна и организирана работа во НОВ до 9 септември 1944 година и учесниците во НОВ — жени, кои стапиле во единиците на НОВ до 30 ноември 1944 година, ако времето од денот на стапувањето во НОВ до 15 мај 1945 година им е признаено во посебен стаж во двојно траење, според прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

6. Со член 238 став 1 од Уставот на СР Македонија на борците и на членовите на семејствата на паднатите борци им се гарантираат права со кои се обезбедува нивната социјална сигурност и посебни права што се утврдуваат со закон. Во член 299 точка 16 од Уставот е утврдено правото и должноста на Републиката да обезбедува посебна заштита на борците од Народноослободителната војна, а со член 301 став 1 точка 18 Собранието на СР Македонија е овластено да донесува закони што се однесуваат на оваа заштита.

Од наведените уставни одредби произлегува дека на борците и на членовите на семејствата на паднатите борци со Уставот им се гарантира социјалната сигурност без оглед на времето на стапување во војната.

Со оглед на тоа што со оспорената одредба од Законот се исклучуваат од правото на материјално обезбедување односно не им се обезбедува социјалната сигурност на борците што стапиле во Народноослободителната војна по 9 септември односно 30 ноември 1944 година, Судот оцени дека таа не е во согласност со член 238 став 1 од Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 23/90
28 март 1991 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

**249.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 17 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 62 став 2 од Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на Основната организација на здружениот труд „Тане Цалевски“ во Кичево, во состав на Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, донесена од Работничкиот совет на 18 јули 1988 година, во време на неговото важење, бил во спротивност со закон.

2 Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се укинува општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација на начин предвиден за објавување на општите акти.

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 174/90 од 6 февруари 1991 година, поведе постапка за оценување законитоста на член 62 став 2 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што надоместокот за време на привремено оддалечување од работа бил утврден во понизок износ од износот определен со закон.

5. На седницата Судот утврди дека во член 62 став 2 од Правилникот е предвидено за време на оддалечувањето од организацијата на работникот да му припаѓа надоместок на личниот доход во висина која не може да биде помала од една третина односно ако издржува семејство од една половина од просечната аконтација на личниот доход за последните три месеци пред оддалечувањето.

Исто така, Судот утврди дека во текот на постапката Работничкиот совет на Претпријатието за општествена сопственост Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, во чиј состав влегува и погонот „Тане Цалевски“ во Кичево, на 2 и 8 март 1991 година донел Правилник за работни односи, со кој престануваат да важат правилниците за дисциплинска и материјална одговорност на сите основни организации и Работната заедница и дека овој правилник не содржи одредба како што е оспорената.

Со оглед на тоа, а имајќи предвид дека оспорениот член предизвикал последици кои треба да се отстранат, Судот оцени дека, согласно член 434 од Уставот на СР Македонија, има основи да го оценува во време на неговото важење.

6. Според член 45 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90) за време на привремено оддалечување од организацијата односно работодавачот работникот има право на надоместок на личен доход во висина на една половина, а ако издржува семејство во висина од две третини од износот на просечната месечна аконтација на личниот доход на работникот за последните три месеци.

Од изнесеното произлегува дека Законот точно ја утврдил висината на надоместокот што работникот има право да го добие во случај на привремено оддалечување и дека таа не може да се менува со општ акт на организацијата.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 62 став 2 бил определен понизок износ на надоместокот од износот утврден со закон, Судот утврди дека тој бил во спротивност со означената законска одредба во време на неговото важење.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 174/90
17 април 1991 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

74.

Врз основа на член 148 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 38 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89) и член 72-а, 72-б и 72-в од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1991 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за основиците на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1991 година („Службен весник на СРМ" бр. 4/91) членот 2 се менува и гласи:

„Индивидуалните земјоделци заради пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се разврстуваат во основици на осигурување според висината на катастарскиот приход, и тоа:

| Ред бр. | КАТАСТАРСКИ ПРИХОД ВО ДИНАРИ | | Месечна основица на осигурување |
|---|---|---|---|
| 1. | до 1400,00 | | 1.920,00 |
| 2. | од 1401,00 | до 2.000,00 | 2.300,00 |
| 3. | од 2001,00 | до 3.000,00 | 3.000,00 |
| 4. | од 3001,00 | до 5.000,00 | 3.500,00 |
| 5. | од 5001,00 | до 7.000,00 | 4.000,00 |
| 6. | од 7001,00 | до 10.000,00 | 4.500,00 |
| 7. | од 10.001,00 | до 20.000,00 | 5.000,00 |
| 8. | од 20.001,00 | до 30.000,00 | 5.500,00 |
| 9. | од 30.001,00 | до 50.000,00 | 7.000,00 |
| 10. | над 50.000,00 | | 8.000,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 08-1354
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

75.

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90) а во врска со член 24 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКАТА ОСНОВА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И ЛИЦАТА КОИ НЕ ОСТВАРИЛЕ ЛИЧЕН ДОХОД ОДНОСНО НАДОМЕСТОК НА ЛИЧНИОТ ДОХОД ПО 1 ЈАНУАРИ 1966 ГОДИНА ЗА ПЕНЗИИ ОСТВАРЕНИ ВО 1991 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува пензиската основа на осигурениците и лицата кои не оствариле личен доход односно надоместок на личниот доход на 1 јануари 1966 година.

Член 2

Пензиската основа за осигурениците и лицата од член 1 на оваа одлука се утврдува според стручната подготовка и тоа од следните пензиски основи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | За висока стручна подготовка | 4.800 динари |
| 2. | За виша стручна подготовка или подготовка на висококвалификуван работник | 3.800 динари |
| 3. | За средна стручна подготовка или подготовка на квалификуван работник | 3.000 динари |
| 4. | За стручна подготовка здобиена со приучување (полуквалификуван работник) односно нижа стручна подготовка | 2.500 динари |
| 5. | За осигуреници и лица без стручна подготовка | 2.200 динари |

Член 3

Износите определени во член 2 на оваа одлука се сметаат како личен доход остварен во 1990 година и служат за утврдување на пензиската основа за осигуреници и лица кои право на пензија остваруваат во 1991 година.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пензиската основа на осигурениците и лицата кои не оствариле личен доход односно надоместок на личниот доход по 1 јануари 1966 година („Службен весник на СРМ" бр. 43/79 и 25/81).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 08-1355
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

76.

Врз основа на член 142, член 29 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИХОДИТЕ НА КОРИСНИКОТ НА ПЕНЗИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО ОД КОИ ЗАВИСИ ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ПЕНЗИЈАТА

Член 1

При остварувањето на правото на додаток на пензијата се смета дека ниту корисникот на пензија ниту членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување ако:

1) приходите остварени врз основа на работен однос (лични доходи, надоместоци, пензии) не изнесуваат повеќе од 700,00 динари месечно по член на домаќинството;

2) катастарскиот приход од вршење на земјоделска дејност не изнесува повеќе од 350,00 динари годишно по член на домаќинството;

3) приходите од вршење на самостојна или професионална дејност, или од интелектуални услуги како и приходи од имотни права што подлежат на данок не изнесуваат повеќе од 350,00 динари месечно по член на домаќинството.

При утврдување висината на приходите на домаќинството на корисникот на пензија од став 1 на овој член се сметаат приходите остварени за годината што претходи на годината во која е поднесено барањето за остварување право на додаток на пензијата

Член 2

Ако корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство немаат остварено приходи во претходната година, а такви приходи оствариле во тековната година во која се остварува правото на додаток на пензијата, за утврдување на приходите по член на семејството се земаат просечните приходи остварени во таа година, освен чистиот личен доход на корисникот на пензија остварен во месеците пред пензионирањето во тековната година.

Член 3

Ако корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство имаат остварено приходи во претходната година, а таквите приходи се смалени во годината во која се остварува правото на додаток на пензијата, за утврдување на приходите по член на семејство се земаат приходите остварени во годината во која се остварува правото на додаток на пензијата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 08-1356
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

77.

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 69 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82, 77/82, 75/86, 8/76 и 65/87) и член 86 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 42/86, 45/87 и 19/90), во член 9 став 1 зборовите: „За лицата кои пред и после влегувањето во сила на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 42/86, 45/87) се наоѓале под околностите за кои се обезбедува продолжено осигурување според Статутот на Заедницата, а не обезбедиле продолжено осигурување, ако поднесат барање најдоцна до 31 декември 1989 година“ се заменуваат со зборовите: „За лицата кои пред и после влегувањето во сила на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 42/86, 45/87 и 19/89) се наоѓале под околностите за кои се обезбедува продолжено осигурување според Статутот на Заедницата, а не обезбедиле продолжено осигурување, можат да обезбедат продолжено осигурување ако поднесат барање најдоцна до 30 јуни 1991 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1357
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

78.

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 а во врска со член 113 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕМОТ, УСЛОВИТЕ, ВИДОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СТАНДАРД НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за обемот, условите, видовите и начинот на остварувањето на општествениот стандард на корисниците на пензија во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/90), по член 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

По исклучок од член 19 на оваа одлука, спроведувањето на општествениот стандард во делот што се однесува на решавањето на станбените потреби на корисниците на пензија преку нивно сместување во домовите за живеење на пензионери, доделување станови на користење и кредити за адаптација на стан за подрачјето на град Скопје го врши посебен одбор за решавање на станбените прашања на корисниците на пензија, составен од 9 членови и ист број на заменици.

Членовите на Одборот од став 1 на овој член ги именува Извршниот одбор на Собранието на Заедницата, по предлог на петте општински асоцијации на корисниците на пензија кои делегираат по еден член, Градскиот сојуз на општинските здруженија на пензионерите и трудовите инвалиди на град Скопје кој делегира еден член, Здружението на трудовите инвалиди на град Скопје кое делегира два члена и еден член од Стручната служба на која е и доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување во Скопје".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од денот на донесувањето.

Бр. 08-1358
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

**79.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 13/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА — ХИДРОЦЕНТРАЛИ —

Член 1

Во одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ" бр. 31/75), во член 2 по глава XXXXI — ТЕРМОЦЕНТРАЛИ — се додава нова глава XXXXII — ХИДРОЦЕНТРАЛИ.

Член 2

Во глава XXXXII — ХИДРОЦЕНТРАЛИ како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат работните места:

(подземна)

1. Машинист I и II.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

2. Вклопничар на подземни работи.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

3. Водител на смена на подземни работи, машинист I и II.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука се смета денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од 15 мај 1945 година.

Стажот на осигурувањето пред донесувањето на оваа одлука се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење да се плати од 7 мај 1968 година. За периодите пред 7 мај 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места со зголемен стаж на осигурување не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот вршел работи односно работни задачи од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди комисија формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1359/а
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

**80.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 13/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА — ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ —

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ" бр. 31/75) во член 2 по глава XXXX — МЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА „БРАКО", се додава нова глава XXXXI — ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ.

Член 2

Во глава XXXXI — ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ, како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското сигурување се утврдуваат работните места:

1. Ракувач на надбункерскиот дел — Послужувач на расподелните ленти на бункерот.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

2. Бункерист.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

3. Ракувач со млинови РВП и димни вентилатори — послужувач на млинови, отшлакување и опрема, ракувач со дозагори, послужувач на транспортните ленти и млинови, ракувач со комбинирани машини, ракувач со одлагач, ракувач со товарач, булдожерист на депонија на јаглен, булдожерист на јаглен, помошен работник на лента и пресипно место, послужувач на ленти за јаглен од С1 до бункер, ракувач на постројките за отпепелување, послужувач на пресипните места на пепел и згура, послужувач на транспортниот систем, пепел, згура и депонија, булдожерист на опрема на пепел и згура, помошник котлар, послужувач на пресипни места на пепел и згура.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

4. Блоководител, ракувач на турбина и машинска сала, турбиноводител, ракувач на котел, котловодител, помошен ракувач на турбина и машинска сала, машинист, помошен ракувач на котел, котлар, ракувач на електрокоманди, уклопничар, ракувач на команда, ракувач на командно место за јаглен Е3, ракувач на команди за транспорт на пепел и згура, ракувач на команда за пепел и згура Е2, ракувач со електро филтер, ракувач на постројки ХПВ, машинист на кондензација, дежурен електричар (електро постројки), погонски електричар, ракувач на компресори и инсталации, помошник ракувач на ХПВ, помошен работник на ХПВ, сменски бравар (машинско одржување) сменски бравар (одржување, транспорт на пепел и згура) водач на група (одржување, арматура, репарација, цевки систем ГПО), бравар I, II, III (одржување, арматура и репарација ГПО), водач на група (одржување на котлови, постројки), бравар I, II, III (одржување на котли и постројки), водач на група (одржување, транспорт на пепел и згура), бравар I II, III и сменски бравар (одржување, транспорт на пепел и згура), водач на група за вулканизација, бравар вулканизер I, II, III водач на група (одржување, на машинска сала), бравар I, II, III (одржување на машинска сала), бравар churchранист (машинска сала), churchранист, водач на група (помошни објекти и машинска сала), бравар во смена за греење и климатизација, машин бравар на турбинските постројки, машин бравар на котловските постројки, машин бравар на пумпи и компресори, машин бравар на млинови, машин бравар зидар шамотер-термоизолатер, водач на група за одржување на ВН постројки, електричар I, II, III група, водач на група (одржување на НН разводи), електричар I, II, III група, бригадир (допрема на јаглен), електричар I, II, III, водач на група (одржување на транспорт на пепел и згура), електричар I, II, III сменски електричар (одржување на транспорт на пепел и згура), електромеханичар на ВН постројки, електромеханичар на НН постројки, лимар — изолатер.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работни места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од 15 мај 1945 година.

Стажот на осигурување пред донесувањето на оваа одлука се смета со зголемено траење под услов дополнителниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење да се плати од 7 мај 1968 година.

За периодите пред 7 мај 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места со зголемен стаж на осигурување не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот врши работи од носно работни задачи од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работни места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисијата формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1359/б
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

**81.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87, 4/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА МЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА — „БРАКО“ —

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75), во член 2 по глава XXIX ——————, се додава глава XXXX — МЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА „БРАЌА КОШУЛЧЕВИ“.

Член 2

Во глава XXXX — Метална индустрија „Браќа Кошулчеви“ како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат работните места: фарбар, фарбар (ПК) и работник во никлеарница.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од 15 мај 1945 година.

Стажот на осигурувањето пред донесувањето на оваа одлука се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење да се плати од 7 мај 1968 година.

За периодите пред 7 мај 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места со зголемен стаж на осигурување не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот работел на работно место од член 2 од оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисија формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1359/в
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

**82.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90) а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87, 4/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА — ВО ОРГАНСКО-ХЕМИСКАТА ИНДУСТРИЈА —

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75) во член 2 во Глава XXXV — ОРГАНСКО ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА, се додава поднаслов: „ПРОИЗВОДСТВО НА ПЕСТИЦИДИ“.

Член 2

Во глава XXXV ОРГАНСКО ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА, во поднасловот ПРОИЗВОДСТВО НА ПЕСТИЦИДИ, како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат работните места:

— Прав и суспензија

— Предработник и оператор

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

— Подготвувач на шаржа.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

— Работоводител.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

— Гранули и емулзија.

— Предработник и оператор.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

— Подготвувач на шаржа.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

— Работоводител.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

— Електро-машинско одржување.

— Машински електро одржувачи.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работни места од член 2 на оваа Одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, а најрано од 15 мај 1945 година.

Стажот на осигурувањето пред донесувањето на оваа Одлука се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурувањето со зголемено траење да се плати од 7 мај 1968 година.

За периодите пред 7 мај 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места со зголемен стаж на осигурување не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот работел на работно место од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисијата формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1359/г
24 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска**, с. р.

**83.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86, 22/89 и 25/90), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87, 4/89, 13/89 и 19/90), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА ПОЛОЖБА — РУДНИЦИ СО ПОВРШИНСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН —

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75) во член 2 во Глава I-а — РУДНИЦИ СО ПОВРШИНСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МЕТАЛИ, НЕМЕТАЛИ, УКРАСНИ КАМЕЊА И ЈАГЛЕН, во поднасловот IV РУДНИЦИ ЗА ЈАГЛЕН, под реден број 3 се додаваат нови работни места.

Член 2

Во глава I-а РУДНИЦИ СО ПОВРШИНСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ВО СРМ за експлоатација на метали, неметали, украсни камења и јаглен, во поднасловот IV РУДНИЦИ ЗА ЈАГЛЕН под реден број 3 како работни места на кои работата е особено тешка и штетна по здравјето во смисла на член 71 од ЗОППИО, се утврдуваат работните места:

I. ПОВРШИНСКИ КОП

— Работни места на кои секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување:

1. Вулканизер на ленти
2. Вулканизер — работоводител
3. Автомеханичар
4. Бравар во гаража
5. Заварувач во гаража
6. Дежурен возач
7. Дигалкар — кранист
8. Бравар
9. Помошник бравар

10. Бригадир — бравар
11. Заварувач

— Работни места на кои секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување:

12. Бравар — подмачкувач
13. Сменоводител
14. Главен инженер на систем
15. Главен сменски инженер
16 Работоводител на систем

II. СЕПАРАЦИЈА НА ЈАГЛЕН

— Работни места на кои секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување:

1. Ракувач на булдожер
2. Работник на дробилица
3. Работник на сито и контрола на лента.

— Работни места на кои секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување·

4. Ракувач со утоварувач
5. Работник на лента — чистач — избирач на јаловина
6. Бравар — заварувач

— Работни места на кои секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување:

7. Работник на приемен бункер
8. Работник под бункер
9. Работник на отворање на бункер — Шипка
10. Помошник работник на сепарација
11. Електричар на сепарација
12. Механичар на сепарација
13. Работник на випер.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука, се смета од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, а најрано од 15. 05. 1945 година.

Стажот на осигурување пред донесувањето на оваа одлука се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење да се плати од 7. 05. 1968 година.

За периодот пред 7. 05. 1968 година за работните места кои се утврдени со оваа одлука како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот работел на работно место од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисијата формирана согласно член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-1359/д
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**84.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 25 април 1991 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ПРИДОНЕС ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДОДАТОК НА ДЕЦА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружен труд, кои за 1990 година не го уплатиле од личен доход републичкиот придонес за општествена заштита на децата, а чии налози за плаќање на републичкиот придонес за општествена заштита на децата чекаат за наплата, се ослободуваат од обврските за плаќање придонес за општествена заштита на децата — додаток на деца во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1990 година

Член 2

Се овластува Службата на општествено книговодство да ја спроведе оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-340/4
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**85.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 25 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ПРИДОНЕС ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружен труд, кои за 1990 година не го уплатиле од личен доход републичкиот придонес за основно образование а чии налози за плаќање на републички придонес за основно образование чекаат за наплата се ослободуваат од обврската за плаќање на придонес за основно образование во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1990 година.

Член 2

Се овластува Службата за општествено книговодство да ја спроведе оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-340/3
25 април 1991 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КУМАНОВО

**86.**

Врз основа на член 103 и 105 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85, 50/87, 27/88 и 36/89) и член 147 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 2/85 и 8/88), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита Куманово, на седницата на Соборот на делегатите — работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 11 април 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИ ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1991 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се продолжува важноста на Одлуката за утврдување стапка на придонес за здравствена заштита на работници за првото тримесечје од 1991 година, бр. 03-127/1 од 24. 01. 1991 год., објавена во „Службен весник на СРМ" број 9/91 и во второто тримесечје од 1991 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 април 1991 година

Бр. 03-447/1
11 април 1991 година
Куманово

Претседател,
**Јордан Спасовски**, с. р.

**87.**

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 26 март 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА БИТОЛА ЗА 1991 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесите за здравствена заштита за 1991 година се утврдува на 8,746% односно за текстилната индустрија, земјоделството и водостопанството 7,288% од бруто личниот доход и другите примања во кои се содржани·

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита, 3,746%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување, 5,000%.

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува во висина од 0,241% односно за текстилната индустрија, земјоделството и водостопанството 0,201%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа по стапка од 2% на исплатениот надоместок.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за деташирани работници) се одредува во висина од 25% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на осигурување се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на корисниците на пензии, СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го плаќа по нето стапка што одговара на бруто стапка од член 1 на оваа одлука.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува вкупно исплатените примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, статут, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Основицата за плаќање на придонесот за здравствена заштита не може да биде пониска од загарантираниот личен доход.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 02-1418/3 од 27 декември 1990 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува на личниот доход од 1 јануари 1991 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-319/8
26 март 1991 година
Битола

Претседател,
**Бранко Поповски**, с. р.

**88.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола („Службен гласник на општината Битола" бр. 16/84), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 26 март 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ И ПАУШАЛНИТЕ ИЗНОСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ОПШТИНАТА — БИТОЛА ЗА 1991 ГОДИНА

Член 1

Придонесите на здравствената заштита на земјоделците во општината Битола за 1991 година се определуваат и тоа:

1. За осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приходи) се плаќа:

— по стапка од 2,2% на катастарски приход;

2. За осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) по 50.00 динари за семејство, ако домаќинството е задолжено со придонес на катастарски приход;

б) по 250,00 динари за семејство, ако домаќинството не е задолжено со придонес на катастарски приход.

3. За секој член, односно осигурено лице од точката 1 и 2 на оваа одлука по 500,00 динари паушал.

Член 2

Придонесите што ќе се наплатат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствената заштита и тоа:

1. за задолжителни видови — 75%;

2. за правата што самостојно ги утврдува Заедницата и за другите права од здравствената заштита на земјоделците — 25%.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр 02-238/5 од 21 февруари 1990 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 02-319/9
26 март 1991 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги земјоделци
Претседател,
**Менде Симоновски,** с. р.

Собор на делегати даватели на услуги
Претседател,
**Василка Размова,** с. р.

Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
**Бранко Поповски,** с. р.

**89.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78 и 43/78) и член 18 став 1 точка 8 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Битола, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Битола, на седницата одржана на 25 март 1991 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 1991 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на Општинската СИЗ за социјална заштита Битола за 1991 година изнесуваат:

1. придонес од доходот на организациите, по стапка од 0,305%, а за текстилната индустрија, земјоделството и водостопанството 0,254%;

2. придонес за личниот доход на организациите по стапка од 0,318%, а за текстилната индустрија, земјоделството и водостопанството 0,265%;

3. придонес на личниот доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,10%;

4. придонес на личниот доход остварен со вршење на самостојна стопанска дејност, по стапка од 3,80% и

5. придонес на личниот доход остварен со вршење на самостојна професионална дејност, по стапка од 4,30%.

Член 2

Обврзници на придонесот од доход се претпријатијата и другите корисници на општествени средства класифицирани од 1 до 11 по Одлуката за класифицирање на дејностите.

Обврзниците на придонесот од личен доход се останатите корисници на општествени средства.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од доход е остварениот доход, а основица за пресметување и плаќање на придонесот од личен доход е бруто личниот доход.

Член 3

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, статут, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-21/4 од 26 декември 1990 година.

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1991 година.

Бр. 02-5/11
25 март 1991 година
**Битола**

Претседател,
**Ѓорѓи Богоевски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителката Боцевска Роса од нас. Драчево, ул. „Румена Хаџи Панзова" бр. 62, против тужениот Боцевски Мите, сега во Белгија, Брисел, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Боцевски Мите од с. Огњанци да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, I. П. бр. 2708/90. (66)

Пред овој суд е заведен спор за поништување на договор за подарок по тужбата на тужителката Викторија Божинова од Скопје, ул. „Цицо Поповиќ" бр. 4/14, против тужената Евдокија Куновска од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Евдокија Куновска од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапувана од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XI. П. бр. 801/91. (67)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд поведена е постапка за утврдување на смртта на лицето Али Челешкан Зија државјанин на Турција по предлог на предлагачот Алии Сафет од Гостивар.

Општинскиот суд во Гостивар го повикува лицето Алии Зија, од татко Абедин и мајка Бедрија, роден на 7. IX 1959 година во Гостивар, државјанин на Република Турција, со изменето презиме од Алии на Челешкан, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен лист на СФРЈ", „Службен весник на СРМ" и на огласната табла на овој суд. да се јави во судот.

Истовремено судот ги повикува сите лица кои знаат за неговиот живот да му соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 30 дена, доколку лицето не се јави во судот, ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 22/91.

Се повикува Агаи Зуди Ердал од с. Горна Бањица, сега на привремена работа во Шведска со непозната адреса, да се јави пред Општинскиот суд во Гостивар, каде што е тужен од Агаи Незафет за развод на брак или пак назначи свој полномошник кој што ќе ги застапува неговите интереси по предметот П бр. 236/91. До колку тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот не се јави, ниту пак назначи свој полномошник, неговите интереси во постапката ќе ги брани лицето Герасимоски Герасим од Гостивар, дипломиран правник со положен правосуден испит.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П бр 236/91

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани е поднесена тужба од тужителот Благој Гаврилов од Кочани, со стан на ул „4-ти Јули" бр. 5 против тужената Дивна Трендова-Фукс, на привремена работа во СР Германија, со основ за измена на пресуда за чување, издржување и воспитување на деца и неосновано збогатување. Вредност на спорот 37,00 динари.

Бидејќи тужената е на привремена работа во СР Германија со непозната адреса и престојувалиште, се повикува во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд, или да определи свој застапник, односно полномошник. Во спротивно, ќе ѝ биде поставен привремен застапник по службена должност кој ќе ги застапува нејзините интереси до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Кочани, П бр 2/91.

---

Пред овој суд е заведен спор за долг, по тужбата на тужителот Југобанка АТ — Белград Југобанка — Скопје — филијала Кочани, против тужената Елена Мишева од Кочани ул. „Роза Петрова" бр. 5-1-16, сега на привремена работа во Франција со непозната адреса Вредност на спорот 8.169 динари.

Се повикува тужената Елена Мишева да се јави во Општинскиот суд во Кочани по предметот П. бр. 684/90 во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да постави свој полномошник Во спротивно ќе ѝ се постави привремен старател за да ги штити нејзините интереси во спорот.

Од Општинскиот суд во Кочани П. бр. 684/90.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Пред Општинскиот суд во Св. Николе се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ристо Ѓелев од Св Николе со стан на ул. „Маршал Тито" бр. 14, против тужената Марина Ѓелева родена Стојанова со непозната адреса на живеење во Канада.

На тужената Марина Ѓелева-Стојанова ѝ се поставува за привремен застапник Ѓошев Зоран од Св. Николе, дипломиран правник со положен правосуден испит се додека таа или нејзиниот полномошник не се јават пред судот.

Од Општинскиот суд во Свети Николе, П. бр. 97/90 (63)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Во спорот за поништување на брак, по предлог на тужителката Вера Николовска од Кавадарци против тужениот Сашо Николовски со решение П. бр. 127/91 се одредува за привремен застапник на тужениот адвокатот Тодор Митров-Тика од Кавадарци, бидејќи живеалиштето и престојувалиштето на тужениот се непознати во странство.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, П. бр. 127/91.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнение на договор по тужбата на тужителот Нухи Јусуф од с Одри, против тужениот Незири Лимана Авдил и Незири Џемаила Ејуп двајцата од с. Одри. Вредност на спорот 10 000 динари.

Се повикуваат тужените Незири Авдил и Незири Ејуп во рок од 15 дена да се јават пред овој суд, или да ја достават нивната сегашна адреса на живеење. Во спротивно, по истекот на рокот судот на истите ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр 366/91.

---

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Џемаили Азбиев Адем од с. Одри, против тужените Блаже Атанасов Петровски од с Одри, Јордан Атанасов Петровски од с. Одри сега со непозната адреса во САД, Славе Атанасов Петровски од с. Одри сега со непозната адреса во Франција и Ангелко Петровски сега со непозната адреса во СР Србија Вредност на спорот 150 000,00 динари

Се повикуваат тужените да се јават пред судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот, или, во истиот рок да огласат свој полномошник во земјата Во спротивно, овој суд ќе им постави привремен застапник кој ќе ги застапува до правосилното окончување на спорот

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр 367/91.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред Општинскиот суд во Штип, поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Стојановска род Варадинова Снежана од Штип, против тужениот Стојановски Велин од с. Лозово — Свети Николе, сега со непозната адреса. Вредност на спорот 2.500,00 динари.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да достави адреса, или овласти полномошник кој ќе го застапува во постапката. Во спротивно, по истекот на рокот ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува во постапката.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 147/91.

---

# РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр. 1185/91 на регистарска влошка бр. 1-1590-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО за основно образование и воспитание „11 Септември", Н. Сол О, со ООЗТ — Кичево, ООЗТ ЦОУ „Видое Смилески — Бато", Кичево, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Спасов Бојан, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Цветкоска Рада, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1185/91. (55)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 3468/90, на регистарска влошка бр. 2-2201-0-0-0, го запиша во судскиот регистар усогласувањето на задругата согласно Законот за задругите на Градинарско-земјоделската задруга „Мак-Комерц", Ц. О., с Марена, Кавадарци, со следните податоци: Задругата е усогласена со статут усвоен на референдум од 29. VI. 1990 година, а основачи на задругата се: Костадинов Бранко, Давчев Методија, Димов Димо, Ставров Ставро, Камчева Риска, Голчева Менче, Јованов Лазо, Трајков Ристо, Јованова Надежда, Јованов Љубе, Лазова Ленче, Јанев Коле, Петров Тодор, Џамбазов Никола, Димов Симо, Камчев Перо, Галева Либа, Јованова Роска, Јанев Душан, Иванов Ристо.

Од задругата истапуваат основачите: Костадинов Бранко, Давчев Методија, Димов Димо, Ставров Ставро, Камчева Риска, Голчева Менча, Јованов Лазо, Трајков Ристо, Јованова Надежда, Јованов Љубе, Лазова Ленче, со одлука за истапување од 26. IV. 1990 година, а пристапуваат основачите Галев Лимбе, Јованова Роска, Јанев Душан и Иванов Ристе, со одлука за пристапување од 26. IV. 1990 година.

Дејност. 020201 — земјоделски услуги на растително производство; 020202 — земјоделски услуги за сточарство, 020120 — лозарство со производство на лозови садници· 020140 — сточарство и други гранки на земјоделско производство; 020131 — производство на грозје, 070111 — леб, печиво, млеко и млечни производи, 070112 — зеленчук, овошје и преработки; 070113 — месо, живина, риба и месни производи; 070114 — разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи; 070121 — текстил и конфекција; 070122 — обувки, кожа, гума и пластика; 070123 — метална и електротехничка стока; 070124 — огрев и градежен материјал, 070125 — мебел; 070126 — керамика, стакло и порцелан; 070127 — бои, лакови и хемикалии; 070129 — тутун и други непрехранбени производи, 070132 — друга трговија со мешовити стоки; 070140 — трговија на мало со возила и делови; 070211 — трговија на големо со прехрамбени производи, 070212 — зеленчук овошје и преработка; 070213 — алкохолни пијалаци, 070214 — добиток и живина; 070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби, 070221 — текстил и конфекција; 070222 — сурова волна и слично; 070223 — метални и електротехнички стоки; 070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал; 070225 — хемиски производи, бои и лакови; 070226 — хартија, канцелариски материјал и прибор; 070229 — тутун и други непрехранбени производи; 070230 — трговија на големо со возила, делови и прибор; 070260 — трговија на големо со индустриски отпадоци; 070250 — трговија на големо со мешовити стоки; 050302 — завршни и занаетчиски работи во градежништвото; 060502 — превоз на стоки во друмскиот сообраќај; 060500 — друмски сообраќај; 080190 — други угостителски услуги, занаетчиски услуги и поправки; 090121 — поправка и одржување на друмски моторни возила, 090123 — изработка на разновидни метални производи; 090131 — поправки и одржување на електрични апарати за домаќинството; 090132 — поправка и одржување на ТВ апарати; 110302 — услуги на реклама; 110680 — економски услуги; 110903 — книговодствени услуги

Дејност во надворешно-трговски промет: 070310 — надворешна трговија со прехранбени производи; 070320 — надворешна трговија со непрехранбени производи

Во правниот промет со трети лица субјектот истапува во свое име и за своја сметка

Во правниот промет со трети лица субјектот одговара со сите свои средства

За обврските на задругата што не можат да се намират од средствата на задругата одговараат задругарите во висина на влогот.

Досегашниот застапник во внатрешен промет Јанев Коле, в. д директор. без ограничување, се брише, а се запишува Јанев Коле, директор, без ограничување, кој е воедно и застапник во надворешнотрговски промет, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3468/90. (19)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 1469/91 на регистарска влошка бр. 1-636-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста во внатрешен промет и запишувањето право на работење во надворешен промет на Здружението на пензионираните работници од органите за внатрешни работи во СР Македонија, ул „Димче Мирчев“ бб, со следните податоци:

Дејноста во внатрешен промет се проширува со: 070111 — леб, печиво, млеко и млечни производи; 070112 — зеленчук, овошје и преработки; 070113 — месо, живина, риба и месни производи; 070114 — разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи за домашни отреби, 070121 — текстил и конфекција, 070123 — метали и електротехнички стоки; 070211 — жита и мелнички производи; 070212 — зеленчук, овошје и преработки, 070213 — алкохолни пијалаци, 070214 — добиток и живина; 070215 — разни животни продукти и производи за домашни потреби) 070121 — текстил и конфекција; 070213 — метални и електротехнички стоки; 070226 — хартија, канцелариски материјал и прибор, 070229 — тутун и други непрехранбени производи, 070250 — трговија на големо со мешовити стоки, 070260 — трговија на големо со индустриски стоки, 110309 — неспомнати услуги во областа на прометот, — услуги во внатрешна и меѓународна шпедиција, посредување, вршење комисиони работи во областа на прометот на стоки и сообраќајот и сл

Дејност во надворешен трговски промет 070310 — надворешна трговија со прехранбени производи; 070320 — надворешна трговија со непрехранбени производи.

Лице овластено за застапување во надворешен трговски промет е Воислав Јакомовски, со неограничено овластување

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1469/91 (56)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 249/91, на регистарска влошка бр 1-748-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Училиштето за применета уметност „2 Август“, со Ц. О., Скопје, ул. „Киро Крстевски — Платник“ бр. 15, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Перчуклиевски Раде, в. д индивидуален работоводен орган, без ограничување, а се запишува новиот застапник Георгиевски Ѓорѓи, индивидуален работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 249/91 (57)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 7295/90, на регистарска влошка бр. 2-2135-0-0-0, го запиша во судскиот регистар усогласувањето со Законот за задругите на Монтажно-инсталатерската задруга „Мак-Монт“, Ц. О., Скопје, ул „III-та Македонска бригада“ бб, со следните податоци·

Дејност· 050301 — поставување и поправка на градежни инсталации; 050302 — завршни и занаетчиски работи во градежништвото; 110404 — инженеринг услуги, 110403 — останато проектирање.

Задругата во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За оврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства. За обврските на задругата одговараат и основачите до висината на вложените средства еднократно.

Лице овластено за застапување на задругата е Јосифовски Драги, работоводен орган, без ограничување

Задругата е усогласена со статут усвоен на референдум на 24. XII. 1990 година.

Основачи кои истапиле од задругата се: Черими Демир на 25. IX. 1989 година, Трајчевски Раде на 4. IV. 1990 година и Крстева Славица на 15. VI. 1987 година.

Основачи кои се останале во задругата се: Јосифовски Драги, Поповски Оливер и Димовски Раде.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 7295/90. (58)

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот печат и штембил под назив „Сојуз на синдикатите на Југославија, Основна организација на ССМ при Живинарска фарма „Белимбегово“ ПО Скопје“ се огласуваат за неважни (911)

Загубениот печат под назив: Мини маркет „АС“ — Сузана Стефановска, ДТЦ „Маврово“ бр. 53, тел 224-647“ се огласува за неважен (912)

Загубениот штембил и тркалезен печат под назив. „Претпријатие во приватна сопственост за трговија на големо и мало „Глоса“ експорт-импорт Ц О. Скопје“ се огласуваат за неважни. (913)

Загубениот тркалезен печат и штембил под назив „Претпријатие за трговија на големо и мало „Европа промет“ ц. о. експорт-импорт — Скопје“ се огласуваат за неважни. (914)

Загубениот печат и штембил под назив „Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија „ИЗО-КОМЕРЦ“ Д. О О извоз-увоз — с. Крушопек, Скопје“ се огласуваат за неважни (915)

Загубениот тркалезен печат под назив „Претпријатие за производство, трговија на големо и мало „МАКОМ“ Ц. О. — Пехчево“ се огласува за неважен. (916)

Загубениот печат и штембил под назив: „Станбена задруга „Стил“ — Ресен“ се огласуваат за неважни (917)

Загубениот тркалезен печат под назив: „Претпријатие за трговија на големо и мало „Гонги“ увоз-извоз, с Студеничани, Скопје“ се огласува за неважен (918)

Загубениот тркалезен печат и штембил под назив „Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија „ЏЕ-ЏЕ ЕКСПОРТ“ извоз-увоз Ц О. О — Скопје Центар“ се огласуваат за неважни (919)

Загубениот тркалезен и четвртаст печат под назив „Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија „Цвет-Комерц“ увоз-извоз Д. О. О. — Скопје, Гаци Баба“ се огласуваат за неважни. (920)

Загубениот тркалезен печат под назив: „Собрание на општината Куманово — Секретаријат за народна одбрана“ се огласува за неважен (1094)

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Акцептни налози од бр 4887517 до 4887536 и од 4887539 до 4887542 бланко потпишани, на име П. Т. И „Југомакс“, Скопје. (1115)

Свидетелство за завршен испит, издадено од МТУ „Наце Буѓони“ — Куманово на име Витомир Бошковски, ул „Б. Шабани“ бр 90, Куманово. (794)

Воена книшка на име Љупчо Мисаиловски, с. Блаце, Тетово (921)

Воена книшка на име Милан Тушев, с Ракитец, Радовиш (922)

Работна книшка на име Тодор Димитров, Радовиш (923)

Решение за упис на дуќан во регистарот бр. Уп. бр. 14-1741 од 15 III. 1990 година за промет на мало со велосипеди, мопеди и спортска опрема на име Снежана Меновска, Скопје. (936)

Решение — одобрение бр. 12-9759 за колонијални работи на ден 31. X. 1990 година, на име Трајан Данилов, Скопје. (937)

Свидетелство издадено од ЦОУ „Влазними“ — с, Србиново на име Таири Фекри, с. Трново, Тетово.

Дозвола на име Несим Рамадани, с. Шипковица, Тетово. (944)

Воена книшка на име Сали Мерџеми, Тетово.

Работна книшка на име Георги Димитров, Кочани. (946)

Решение бр. 10321 од 17. XI. 1990 година за кројачка дејност на име Павловски Михајло, ул. „Црниче“ бр. 35, Скопје. (948)

име Маријан Петрушевски, Скопје. (964)

Работна книшка на име Исмаили Лазим, с. Добри Дол, Гостивар (965)

Воена книшка на име Каим Асани, с Делогожда, Струга. (975)

Одобрение бр 15-5016-34 на име Нухи Шабани, Тетово (976)

Решение УП бр. 12-2815 од 23. III 1990 година на име Игор Миладиновски, Скопје. (977)

Воена книшка на име Дилавер Зеќири, с. Лојане, Куманово (979)

Воена книшка на име Таир Садики, с Теарце, Тетово (980)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Амедин Сулејмани, с Ново Село II, Тетово.

Работна книшка на име Кире Илиевски, Куманово. (982)

Работна книшка на име Марјанчо Томовски, Куманово. (983)

Работна книшка на име Осман Мехмедовски, Штип. (984)

Решение бр. 13-1552 на име Надица Петрушевска, Тетово (985)

Чековна картица бр 53955/02 и чекови од бр. 2619131 до 2619140, издадени од Комерцијална банка АД — Скопје на име Валентина Костовска, Скопје.

Работна книшка на име Спасе Додевски, Куманово (995)

Работна книшка на име Снежана Коцевска, Куманово (996)

Возачка дозвола бр 15202, издадена од СВР — Тетово на име Несрет Реџо, Тетово (997)

Патна исправа — лична карта на име Абази Кадиме, Тетово. (998)

Воена буквица на име Ѓорѓи Атанасов, ул. „Ленинова“ бр. 15, Радовиш (1001)

Работна книшка, издадена во Рожај — Црна Гора на име Чурлевиќ Мерсудин. ул „128“ бр. 32, Скопје. (1002)

Чекови од бр. 3692430 до 3692450 од тековна сметка бр 24216/62, издадени од Стопанска банка — Скопје на име Ристовка Димитровска, ул. „Франц Прешерн“ бр. 110, Скопје. (1004)

Чекови од бр 26897981 до 26898000 и од бр. 24703481 до 24703500, издадени од Стопанска банка — Скопје на име Гордана Негрева, Скопје. (1006)

Воена книшка на име Мурат Имери, с М Речица, Тетово (1017)

Работна книшка на име Кенан Мустафи, Тетово.

Работна книшка на име Драгица Аргировска, Куманово. (950)

Работна книшка на име Зоран Ангеловски, Крива Паланка (951)

Работна книшка на име Милица Миткова, Виница (952)

Работна книшка на име Дафина Николова, Штип

Чекови од бр. 14431985 до 14431990 на име Ванчо Диванисов, ул. „АСНОМ“ бр. 5, Кочани (957)

Чековна карта бр. 55116/74 и чекови бр. 1473831 и 1473832, издадени од Комерцијална АД банка — Скопје на име Цвета Ивановска, ул. „Ѓорче Петров“ бр 71/I-11, Скопје (960)

Одобрение бр 14-4152 од 22. VIII. 1985 год. и бр. 14-3308 од 14 VII 1986 година за такси превоз, на име Мемети Сејди, с Никиштани, Скопје. (962)

Чековна карта бр 15-50-11240-3, издадена од Југобанка — Скопје на име Блаже Миновски, Скопје

Чековна карта бр 100-56-077 и чек бр. 1514030, издадени од Комерцијална банка АД — Скопје на

Работна книшка на име Латинка Постолова, Кочани (1019)

Работна книшка на име Александар Василев, Виница. (1020)

Решение УП бр. 14-7351 од 8. XI. 1990 година на име Јорданка Јанкова, Скопје. (1026)

Работна книшка на име Реџеп Исуфи, Куманово.

Работна книшка на име Влатко Арсов, Штип.

Решение за фирма на име Ибраим Неџипи, Тетово (1030)

Чекови од бр. 1916831 до 1916850, издадени од Стопанска банка — Скопје на име Никола Ѓорѓиев, Скопје. (1035)

## СОДРЖИНА

Страна

234 Одлука за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 1991 година за особено значајни остварувања од интерес за Републиката во областа на науката — — 233
235. Одлука за утврдување на имотните услови под кои се смета дека членовите на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба немаат сопствени средства доволни за издржување — — — 233
236. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот и наплатените царини, други увозни давачки и лежарина — — — — — — 233
237 Решение за разрешување од должноста потсекретар на Службата за јавна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи — — — — — — 234
238. Решение за разрешување од должноста потсекретар на Службата за државна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи — — — — — — 234
239 Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 234
240. Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 234
241 Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 234
242. Решение за назначување потсекретар на Службата за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи — — 234
243. Решение за назначување потсекретар на Службата за државна безбедност во Министерството за внатрешни работи — — 235
244 Решение за назначување помошник на министерот за внатрешни работи — — 235
245. Решение за назначување помошник на министерот за внатрешни работи — — 235
246. Решение за исполнување на условите за вршење испитување и прегледи по прописите за заштита при работа — — — 235
247. Наредба за определување на месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната 235
248. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 23/90 од 28 март 1991 година — 236
249 Одлука на Уставниот суд на Македонија, У бр. 174/90 од 17 април 1991 година 236

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

74. Одлука за изменување на Одлуката за основиците на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1991 година — — — — — — — 237
75. Одлука за утврдување на пензиската основа на осигурениците и лицата кои не оствариле личен доход односно надоместок на личниот доход по први јануари 1966 за пензии остварени во 1991 година 237
76. Одлука за определување висината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на додаток на пензијата 238
77. Одлука за измени на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување — — — — — 238
78 Одлука за дополнување на Одлуката за обемот, условите, видовите и начинот на остварувањето на општествениот стандард на корисниците на пензија во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија 238
79 Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба — хидроцентрали — — — — 239
80. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба — термоелектроцентрали — — — — — 239
81 Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба — метална индустрија — „Брако" 240
82. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба — во органско-хемиската индустрија 241
83 Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба — рудници со површинска експлоатација на јаглен — — — — — — 241
84. Одлука за ослободување на обврската за плаќање на републичкиот придонес за општествена заштита на децата — додаток на деца за 1990 година — — — 242
85 Одлука за ослободување на обврската за плаќање републички придонес за основно образование за 1990 година — — — 242

КУМАНОВО

86 Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување стапка на придонес за здравствена заштита на работниците за првото тримесечје од 1991 година — — 243

БИТОЛА

87. Одлука за стапките на придонесите за здравствена заштита на осигурениците — работници од општината Битола за 1991 година — — — — — — — — 243
88. Одлука за стапката на придонесот и паушалните износи за здравствена заштита на осигурениците — земјоделци во општината Битола за 1991 година — — 243
89. Одлука за стапките на придонесот за социјална заштита за 1991 година — — 244

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓорѓов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје**